Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-20
Датум 03.02.2023година

Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Миле Моневски со место на живеење и со Записник број ИП1-08-20 од 26.01.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230,28, 174, 213 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016, 151/2021); го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1. Се забранува субјектот на инспекциски надзор лицето Миле Моневски да врши понатамошен ископ на земјоделското земјиште на ИЛ 71 КО Бунеш КП 1924/24, КП 1924/25, КП 1924/26, КП 1924/27, КП 1924/28, КП 1924/29, КП 1924/30, КП 1924/31, КП 1924/32, КП 1924/33, КП 1924/34 се до добивање на дозвола од Министерство за животна средина согласно член 28 и 174 од Закон за води.
2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, отпочнува од приемот на ова решение.
3. Се задолжува субјектот на инспекциски надзор лицето Миле Моневски да изврши враќање на ископан матерјал на парцелата предвидена за рибник околу 500 до 600 метри кубни материјал, кој е изнесен и складиран кај место викано Киселица во близина на с.Бучиште притоа ископаниот матерјал ќе се употреби наменски во рибникот според дозволата која треба да се добие согласно член 28 и 174 од Закон за води.
4. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 3 на ова решение, изнесува 30(триесет) дена од приемот на ова решение.
5. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води.

При поднесување на жалба потребно е да се доставaт во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 28, 174, 213 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016, 151/2021); преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Миле Моневски со место на живеење и со Записник број ИП1-08-20 од 26.01.2023 год. во кој е констатирано:

На ден 23.01.2023год. по доставена пријава од страна на група граѓани до Државниот инспекторат за животна средина за нелегална активност ископ на песок,земја, чакал,во близина на р.Злетовица до с.Ратавица, Пробиштип. Се изврш вонреден увид на ден

Решение бр. ИП1-08-20
Датум 03.02.2023година

26.01.2023год. од страна на водостопански инспектор. Согласно вонреден инспекциски надзор и од теренскиот увид е констатирано на предметната локација не се вршеше ископ на песок, чакал и друг вид на материјал воедно немаше присуство на багери камиони. Лицето Миле Моневски како закупец на земјоделското земјиште на ИЛ 71 КО Бунеш КП 1924/24, КП 1924/25, КП 1924/26, КП 1924/27, КП 1924/28, КП 1924/29, КП 1924/30, КП 1924/31, КП 1924/32, КП 1924/33, КП 1924/34 со договор склучен со Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство бр. 17-8057/1 од 06.11.2017год. Овој договор е склучен на 20 години за подигање на рибник. За ова земјиште има геодетски елаборат бр. 177/5-17 изработен од ДГР Гео Сигма ДОО Штип од 29.11.2017год., геодетски елаборат бр.0817-180/5 од 09.01.2021год. изработен од ДГРУ Виница премер ДООЕЛ Виница. Според овие геодетски елаборати предметната парцела е култура нива но предметните парцели се непосредно во близина на Злетовска река. На лицето Миле Моневски од страна на Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство е изготвен записник бр. 20-182/3 од 06.12.2017год. за владение на договор за закуп а потоа е издадено решение за давање согласност за градење на помошни објекти во функција за намена во која е дадено земјиштето. Ова Решение за давање согласност за градење на помошен објект ,оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште издадено од Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство со бр: 17-6274/4 од 20.07.2018г. Од страна на Општина Пробиштип со потврда бр. 10-10/3 од 21.05.2018год е потврдено наведените парцели во овој текст се надор од граници на градежен опфат.Има изготвено основен проект за помошен објект и рибник за производство на риба на КП : 1914/26 и 1914/27 КО Бунеш општина Пробиштип со тех.број 202/18 од мај 2018 г.изработен од Гео инг ДОО Делчево. Има основен проект за цевковод со тех.број 255/19 од септември 2019год. изработен од Гео инг ДОО Делчево. До Министерство за животна средина и просторно планирање поднесено Барање за одобрување на елаборат за животна средина за ,,Рибник,, за одгледуваењ на риба со бр: УП1 11/4-1467/2019 од 15.10.2019г. кој е во постапка на донесување на Решение.Има поднесено барање од 15.10.2019год за добивање на Дозвола за користење на вода за одгледување на риба од Злетовска река во врска со известување бр. УП1-11/5-234од 11.09.2019г.Од страна на МЖСПП е објавено барање за издавање на дозвола бр. УП1-11/5-234од 21.06.2019г. Иако има објава на лицето Миле Моневски не му е издадена дозвола за користење на вода за рибникот. Лицето Миле Моневски нема дозвола за зафат и испуст на вода за рибникот на наведената парцела во овој записник. Иако нема дозвола со договор заверен на нотар Весна Веселиновска под број УЗП 138/2023 од 16.01.2023год. со фирмата ДГТУ ИНЖИНЕРИНГ ГИЛАС ДООЕЛ од Пробиштип има отпочнато со ископ на песок чакал и камен на површините предвидени за рибник. Овој матерјал е изнесен и депониран без испратници на локација за потреби на фирмата ДГТУ ИНЖИНЕРИНГ ГИЛАС ДООЕЛ од Пробиштип. Од страна на Миле Моневски е потврдено дека на 23 и 24.01.2023год од страна на фирмата наведена погоре со која има склучено договор за расчистување и копање на отпаден материјал и од страна на Државниот инспектор за животна средина е проценето дека се ископани околу 500 до 600 метри кубни материјал, и изнесен и складиран кај место викано Киселица во близина на с.Бучиште , Пробиштип.При увидот во документацијата не е констатирано дека лицето Моне Моневски има водно право во која треба да има водостопанска согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање согласно член 28 и 174 од Законот за води Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-20
Датум 03.02.2023година
ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопанскиот инспектор и постапување според членот 234 од Закон за води незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за води.
Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.
Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15(петнаесет) дена од приемот на решението. Жалбата потребно е да биде доставена во еден примерок до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на следната адреса: Кеј „Димитар Влахов„ бр. 4 Скопје, како и еден примерок од жалбата до Државен инспекторат за животна средина на следната адреса: ул. „Павел Шатев" бр. 2 -Палата „Емануел Чучков" Скопје.
Решено во Државен инспекторат за животна средина со решение под број ИП1-08-20 од 03.02.2023 година.

Лидија Зафировска
М.П. Главен водостопански инспектор
Број на легитимација
рег.бр.06-0021 од 19.02.2020